Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ" бр.80/93...23/16), Управата за јавни приходи истакнува

# ЈАВНА ПОКАНА

## за поднесување на Годишна даночна пријава (образец "ПДД-ГДП") за утврдување на персоналниот данок на доход за 2017 година

Годишна даночна пријава поднесува граѓанин кој остварил приходи по основ на:

1. **Лични примања** - плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот; надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од член 6 од Законот за персоналниот данок на доход, и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа; пензиите; примањата на членови на органите на управување и на органите на надзор на трговските друштва; примањата на функционери, пратеници, советници, и други носители на јавни функции; примања на професионални спортисти (премии, трансфери и сл.); надоместок за врвни спортисти; надоместок за време на боледување; надоместок за време на отсуство од работа; надоместок за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници, кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва; надоместок на членовите на Македонската академија на науките и уметностите; плата остварена со работа во странство врз основа на работен однос заснован во земјата и секој поединечно остварен приход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица (пр. приход од извршување физичка или интелектуална работа, врз основа на договор за дело или друг договор со кој е определен надоместок за извршената работа, приход остварен со работа преку интернет и сл.).
2. **Приходи од земјоделска дејност** - ако граѓанинот остварува приходи и од други извори.
3. **Приходи од самостојна дејност** - ако граѓанинот остварува приходи и од други извори.
4. **Приходи од имот и имотни права** - приходите што обврзникот ги остварува од издавање под закуп или подзакуп на земјиште, станбени или деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови имот.
5. **Приходи од авторски права и права од индустриска сопственост** - вајарски дела, таписерии, керамопластика, уметничка керамика и витраж, уметничка фотографија, ѕидно сликарство и сликарство во простор во техника, фреска, графика, мозаик, интарзија, емајл, интарзирани и емајлирани предмети, костимографија, модно креаторство и уметничка обработка на текстил, сликарски дела, графички дела, индустриско обликување со изработување на модели и макети, ситна пластика, уметнички решенија за сценографија, научни, стручни и публицистички дела, преведување на дела од книжевноста, музички и кинематографски дела и реставраторски и конзерваторски дела во областа на културата и уметноста, изведување уметнички дела во областа на сериозната музика, балетот, операта и театарското и филмското актерство, за рецитирање, снимање филмови и идејни скици за таписерија и костимографија, преводи (освен преводи на книжевни дела), предавања и слични интелектуални творби, изведување на естрадни програми на забавна и народна музика и други авторски дела и дела од индустриска сопственост, кои не се претходно наведени.
6. **Приходи од капитал** - дивиденди и другите приходи остварени со учество во добивката кај правните и физичките лица, каматите по заеми дадени на физички и правни лица и камати по обврзници или други хартии од вредност.
7. **Капитални добивки** - од продажба на учество во капиталот и недвижен имот.
8. **Добивки од игри на среќа** - приходи што се остварени во пари, предмети или права, освен добивки од посебните игри на среќа.
9. **Други приходи** - сите други приходи кои се исплатени, а не се набројани во точките 1 до 8 од оваа Јавна покана, ниту се ослободени од обврската за оданочување согласно член 6 од Законот за персоналниот данок на доход, како и приходите остварени со стекнување на хартии од вредност и учество во капиталот без надоместок, доколку истите не се оданочени согласно Законот за даноци на имот.

**НАПОМЕНА**: Граѓаните кои во текот на годината остваруваат само приходи од: плата и пензија, приходи од земјоделска дејност и приходи од самостојна дејност не се должни да поднесуваат Годишна даночна пријава.
Граѓанинот е должен Годишната даночна пријава (образец "ПДД-ГДП") да ја поднесе до даночната канцеларија на УЈП според местото на живеење, во Контакт центарот Скопје без разлика на местото на живеење на граѓанинот или преку е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk
Рокот за поднесување е од 1 јануари до 15 март 2018 година.
Годишната даночна пријава (образец "ПДД-ГДП") може да ја преземете од веб страницата на УЈП
http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/21
На даночните обврзници кои нема да поднесат даночна пријава во рокот определен со оваа **ЈАВНА ПОКАНА**, ќе им се изрече глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за сторен прекршок согласно Законот за персоналниот данок на доход.